Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 15.02.2023

На 14.02.2023 во 10.15 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Д.Ј.(19) од Радовиш. Тој се сомничи дека на 11.02.2023 околу 01.15 часот во Радовиш физички нападнал женско лице и се обидел да ѝ ја одземе чантата. Во службен разговор тој го признал делото, а при претрес на неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени предмети кои потекнуваат од кривичното дело. Лицето било задржан во Полициската станица Радовиш, за случајот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство во Струмица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.02.2023 во 18.15 часот на ул.„Караорман" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола, со Наредба од Основен суд Битола, го привеле Б.А.(30) од Битола. Тој бил баран по потерница за издржување на затворска казна за извршени неколку кривични дела тешки кражби. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 15.02.2023 во 01.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.К.(52) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени кафеава грутчеста материја и нож. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.02.2023 во 22.45 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.02.2023 на ул.„4 Ноември" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола ги лишиле од слобода Љ.П.(37) и В.К.(35), двајцата од Битола, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени амфетамин и таблета. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.02.2023 во 04.15 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Н.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.02.2023 во 23.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(24) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.02.2023 во 20.45 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.М.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.02.2023 во 21.40 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.С.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.02.2023 на место викано „Карамански пат" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода П.Д.(31) и Д.Ј.(32), двајцата од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.02.2023 во 02.00 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници ги привеле Д.Е.(18), Б.Л.(22) и М.И.(23), сите од Косово, затоа што при пасошка контрола било констатирано дека тројцата дале на увид туѓи патни исправи. Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (14.02.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 170 возачи. Од нив 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 86 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 84 надвор од населено место.

Во текот на вчерашната вечер (14/15.02.2023), во периодот од 21.00 до 03.00 часот, спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 91 возач. Од нив 18 на територија на СВР Куманово, 13 на територија на СВР Скопје, 11 на територија на СВР Битола...

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.02.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 135 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 10 санкции, осум мерки за непочитување на првенство на минување, четири санкции за недавање првенство на минување на пешаци. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Вчеравечер (14/15.02.2023) од 21.00 до 03.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на возачи кои ги управуваат возилата под дејство на алкохол, при што биле откриени и санкционирани 8 возачи кои управувале возило под дејство на алкохол. Тие се исклучени од сообраќај, изготвени им се соодветни поднесоци, а времено им се одземени и возачките дозволи. Покрај ова, биле санкционирани и 17 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-7).

На 14/15.02.2023, во периодот од 21.00 до 03.00 часот, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници затекнале 9 возачи кои управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-3, Струга-2, Кичево-4). Тие се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 14.02.2023 во 11.40 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.Б.(34) од Скопје пријавил дека на бул.„АВНОЈ" бил каснат од куче скитник.

На 14.02.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Виница било пријавено дека на крстосницата од ул.„Илинденска" и ул.„Маршал Тито" во Виница, товарно возило „фиат добло" со винички регистарски ознаки, управувано од М.Н.(70) од Виница удрило во пешакот С.Н.(86) од Виница. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.Н. констатирани во Јавната здравствена установа во Виница. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Виница.

На 14.02.2023 во 11.00 часот во Полициската станица ѓорче Петров, Р.Н.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Радушка" бил каснат од куче скитник.

На 14.02.2023 во 13.00 часот во Полициската станица ѓорче Петров, Е.К.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„Црногорска" бил каснат од куче скитник.

Одделението за внатрешни работи Кочани поднесе кривична пријава до Основно јавно обвинителство Кочани против правно лице од Пробиштип и одговорните лица Ј.Д.(40) и Р.Д.(43), двајцата од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба" по член 235 став 7 во врска со став 3 и 4 од Кривичниот законик. Пријавените, како вработени во правниот субјект, на 01.10.2022 на место викано „Бабини градини" во Шумско - стопанска единица „Злетовска река – Пониква", при акциска контрола од страна на полициски службеници, во содејство со Државен инспекторат за шумарство и ловство, биле затекнати како вршат сеча на огревно дрво без да поседуваат соодветна документација издадена од надлежен орган.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против П.В.(32) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола во патниот сообраќај, полициските службеници сопреле патничко возило „ауди а8" со охридски регистарски ознаки, управувано од пријавениот, и при преглед кај него пронашле и одзеле кокаин.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.М.(46) од струшкото село Лабуниште, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, на локација во атарот на селото, без одобрение започнал со градба на куќа и го нарушил безбедносното растојание од постечкиот среднонапонски електричен вод.

Денеска (15.02.2023) во 10.30 часот, К.И.(42) од Гостивар во СВР Тетово пријавил дека при вршење ископ во двор на улица „Илинденска" во Гостивар биле пронајдени две артилериски гранати калибар 100 милиметри, кои најверојатно потекнуваат од Втората светска војна. Извршен бил увид, а гранатите се подигнати од претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

Полициски службеници на СВР Тетово на 14.02.2023 околу 16.20 часот во близина на угостителски објект во тетовска Мала Речица ги лишиле од слобода Ј.Ј.(19) од Тетово и тројца малолетници од Тетово и селата Ларце и Непроштено. Лишените лица десетина минути пред тоа биле забележани на локалниот пат Палчиште-Каменьане како се движат со противправно одземеното возило „пежо", со скопски регистарски ознаки, сопственост на државни институција, а пријавено вчера. Тие не испочитувале наредби за запирање дадени од полициски службеници и притоа оштетиле две полициски возила и повредиле тројца полициски службеници на СВР Тетово. Четворицата се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следуваат соодветни поднесоци, а полициските службеници се пренесени во тетовската Клиничка болница за укажување на лекарска помош.

На 14.02.2023 околу 18.45 часот во Прилеп, полициски службеници од Полициската станица Прилеп ги лишиле од слобода Р.М.(63) од Прилеп. Околу 18.10 часот, по претходна расправија со А.М.(28) и Б.М.(38), двајцата од Прилеп, тој од пиштол испукал во земја и му се заканил на Л.П.(27) од Прилеп, кој се обидел да ги раздели. Според пријавеното, А.М. и Л.П. успеале да му го одземат пиштолот „Заставa М-70" калибар 9 мм. Увид бил извршен, а пиштолот бил подигнат за понатамошна постапка. Во полициската станица биле задржани А.М., Б.М. и Л.П. и бил извршен службен разговор со нив. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2023 во 02.00 часот во СВР Скопје, Т.М.(45) од Скопје пријавила дека на 14.02.2023 околу 23.30 часот на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, била физички нападната од З.Л.(41) од Скопје. По целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ш.С.(52) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 21.12.2022, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на пријавениот во С.Студеничани, при што биле пронајдени и одземени пиштол „Pietro Beretta M1934" калибар 9x17мм и три рамки со 57 куршуми.

На 14.02.2023 во 20.20 часот во СВР Скопје, А.М.(36) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од Н.А.(24) од Скопје. По целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 14.02.2023 во 10.00 часот во СВР Скопје, Н.Л.(39) од Велес пријавил дека на 13.02.2023 околу 09.30 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од неколку лица, при што едно од нив му се заканило со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.С.(54) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама". Пријавениот, во договор со уште едно лице, набавил суплементи (таблети, прашкаста материја и течност) во вредност од 462.189 денари и се обидел да ги пренесе преку граница без да плати царински давачки. Имено, на 06.01.2023 при контрола на автобус, кој го управувал пријавениот, полициски службеници ги пронашле и одзеле суплементите, кои не ги пријавил на граничниот премин Табановце, при влез во државата.

На 14.02.2023 во 12.40 часот во СВР Скопје, З.А.(67) од с.Арачиново, скопско, пријавил дека на 13.02.2023 околу 14.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од Е.С. од с.Мојанци, скопско. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.02.2023 во 15.40 часот во СВР Скопје, 17 - годишник од с.Света Петка, скопско, пријавил дека во с.Сарај, скопско, бил нападнат со тврд предмет од Ј.П. од с.Грчец, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.С.(20) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.03.2022 на ул.„Димитрије Чуповски", полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле метилен-диоксиметафетамин.

На 14.02.2023 во 18.15 часот во СВР Скопје, Ц.Б.(28) од Тетово пријавил дека околу 16.30 часот кај наплатна рампа Глуводо, скопско, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР поднесе кривична пријава против А.Ф.(20) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 21.12.2022, полициски службеници извршиле претрес во дом и други простори на пријавениот, при што пронашле и одзеле автоматска пушка без кундак, празна рамка од автоматска пушка, 31 куршум за автоматска пушка и 100 куршуми за пиштол кои неовластено ги чувал во својот дом.

На 14.02.2023 во 09.54 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправна установа Затвор Идризово било пријавено дека во затворот починал А.Г.(48), осуденик од Тетово. Лекар констатирал смрт без видливи траги на насилство, а телото на починатиот по наредба на Јавен обвинител било дадено за обдукција.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.Ј.(26) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „употреба на исправа со невистинита содржина" и „давање лажен исказ". На 07.10.2022, при вршење на контрола на патничко возило „бмв", управувано од пријавениот, тој приложил неважечка возачка дозвола која му била поништена и му била издадена нова возачка дозвола.